# Винарска Визба Тиквеш

*Врвно од Македонија*

TIKVEŠ
SINCE 1885

Винарската визба Тиквеш е предводник на винската индустрија во регионот и е препознатлив бренд во светот, бренд со кој се гордееме сите. Успешната приказна за нашата компанија ја градиме со децении, континуирано вложувајќи во технологија, развој и унапредување на човечките ресурси. Како дел од нашиот внимателно дефиниран план за раст и развој на организацијата, во потрага сме по успешни, енергични и посветени кандидати кои би ни се придружиле.
ДОКОЛКУ СТЕ ИНСПИРИРАНИ ОД ПРИКАЗНАТА ЗА ВИНО, СТЕ СИГУРНИ ДЕКА ЈА ПОСЕДУВАТЕ ПОТРЕБНАТА АМБИЦИЈА, ЖЕЛБА ЗА УСПЕХ И СТРАСТ ДА СЕ ПРИКЛУЧИТЕ КОН НАШИОТ ПОБЕДНИЧКИ ТИМ И СТЕ СПРЕМНИ ДА ГИ ИСКОРИСТИТЕ ИЗВОНРЕДНИТЕ МОЖНОСТИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ КОИ НИЕ ГИ НУДИМЕ, ВЕ МОЛИМЕ АПЛИЦИРАЈТЕ ЗА РАБОТНОТО МЕСТО:

**ХЕМИСКИ ИНЖЕНЕР**

**(Кавадарци)**

**Профил на кандидатот:**

- Образование – ВСС (Биохемија, Хемија)
- Напредно познавање на Microsoft Office (Excel, Word, Power Point)
- Напредно познавање на англиски јазик
- Одлични организациски и комуникациски вештини
- Прецизност, аналитичност и ориентираност кон резултати
- Висок личен интегритет и деловна култура

**Клучни одговорности:**

- Земање примероци од суровини, полупроизводи и готов производ за анализа;
- Правење најразлични анализи како и тест проби во координација со колегите од производство;
- Подготвување и испраќање примероци за анализа до овластени државни институции;
- Правење анализи и подготвување примероци од најразлични суровини и готов производ;
- Контрола на квалитетот на хемиските анализи на полупроизводите, готовите производи и вратените производи;
- Контрола на резултатите од извршените анализи, прегледување и евалуција, проверување на нивната целосност и точност;
- Проверка на контролните процеси во производството, проверување на времените параметри, предлагање и/или преземање мерки во случај на отстапување од стандардите;
- Статистичка обработка на добиените резултати од анализите на квалитет;
- Внесување на вредности од анализите во компјутер, нивна обработка и доставување извештаите до претпоставениот.

**Винарска визба Тиквеш нуди одлични услови за работа, можности за обуки и кариерен развој. Изборот на кандидатите ќе се направи со јасни критериуми по пат на тестирање и интервјуирање на кандидатите.**

**Ако сте заинтересирани и ги исполнувате горенаведените услови, Ве молиме испратете го вашето резиме (CV) на следната е-маил адреса: kariera@tikves.com.mk најдоцна до 03.03.22 година.**

